РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец декември 2022

Јануари, 2023

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ... 1
Испит за административно управување ... 2
Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ... 3
Соработка со други институции и меѓународна соработка ... 4
Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ... 4
Јавни набавки ... **Error! Bookmark not defined.**
Реализација на буџет ... **Error! Bookmark not defined.**

## Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец декември 2022 година примени се 187 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 198 огласи, за вкупно 494 работни места за вкупно 544 извршители. За институциите од централната власт објавени се 98 јавни огласи за 356 работни места со 406 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 100 јавни огласи за 138 работни места со 138 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">187</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">198</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>98</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>100</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>494</td><td rowspan="3"></td><td>34</td><td>239</td><td>83</td><td>356</td><td rowspan="3"></td><td>25</td><td>69</td><td>44</td><td>138</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>544</td><td>34</td><td>278</td><td>94</td><td>406</td><td>25</td><td>69</td><td>44</td><td>138</td></tr>
<tr><td colspan="3">Број на пријавени кандидати</td><td>1268</td><td>95</td><td>605</td><td>257</td><td>957</td><td>46</td><td>172</td><td>93</td><td>311</td></tr>
<tr><td colspan="3">Завршиле со објавување на Одлука за избор</td><td>63</td><td>34</td><td>1</td><td>58</td><td>41</td><td>100</td><td>29</td><td>8</td><td>28</td><td>22</td><td>58</td></tr>
</table>

*Табела 1. Јавни огласи декември 2022*

Во истиот период декември 2022 година спроведени се 129 административни селекции за пријавени 1837 кандидати, спроведени се 91 испити на кои што се поканети 744 кандидати, од кои полагале 361 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 83 огласи за 493 кандидати. Интервју е спроведено на 83 огласи со вкупно 287 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 83 огласи и предлог за избор на 282 кандидати, а од 63 спроведени огласи објавени се вкупно 158 одлуки за избор на кандидати за вработување.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td colspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td></tr>
<tr><td>поканети</td><td>полагале</td></tr>
<tr><td>129</td><td>1837</td><td>91</td><td>744</td><td>361</td><td>83</td><td>493</td><td>83</td><td>287</td><td>83</td><td>282</td><td>63</td><td>158</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по огласи декември 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец декември 2022 година примени се 59 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, запрени се 3 барања, објавени се 59 огласи, за вкупно 326 работни места за 357 извршители. За институциите од централната власт објавени се 46 интерни огласи за 288 работни места со 317 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 13 интерни огласи за 38 работни места со 40 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 59 | 3 | 59 | | 46 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 13 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 326 | | 106 | 154 | 28 | 288 | | 8 | 26 | 4 | 38 |
| Извршители | | | 357 | | 111 | 178 | 28 | 317 | | 8 | 28 | 4 | 40 |

*Табела 3. Интерни огласи декември 2022*

# Испит за административно управување

Во текот на месец декември 2022 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 95 кандидати. Од нив на испитот се појавија 40 кандидати од кои испитот го положиле 31 кандидати (77%), а не го положиле 9 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 70 се вработени во јавен сектор, 7 во приватен и 18 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 95 | 40 | 31 | 9 | 70 | 7 | 18 |

*Табела 4. Административно управување декември 2022*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец декември 2022 година беа поднесени 46 жалби и приговори на административните службеници, од кои 39 жалби и приговори на државните службеници и 7 жалби на јавните службеници.

Во декември во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 9 седници, на кои беше одлучено по 49 жалби и приговори, од кои 39 жалби и приговори на државните службеници и 10 на јавните службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 31 предмет, во декември преминуваат во јануари 2023 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 39): 16 жалби се одбиени, 16 се уважени , 6 отфрлени и 1 (една) мериторно уважена.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на јавните службеници (вкупно 10): 2 жалби се отфрлени, 4 се уважени, 3 одбиени и 1 (една) мериторно одбиена жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 39 | 7 | 39 | 10 | 16 | 4 | 16 | 3 | 6 | 2 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во декември 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец декември 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 14 предмети од кои 7 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 7 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија (1); Министерство за финансии (1); Основен граѓански суд Скопје (2); Управен суд (1); Општина Куманово (1) и Синдикална организација на УПОЗ при УЗКН (1).

Во текот на месец декември 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на работилница на тема: „Ревизии во субјекти од јавниот сектор", реализирана на 13 декември 2022 година, во Клуб на пратеници, во рамките на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите за буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола", по покана на Министерство за финансии;

- Присуство на обука на тема: „Техничка и интегрирана заштита на лични податоци-градење инклузивен дигитален екосистем, Обука за заштита на лични податоци за офицери во државни и јавни институции", реализирана на 22 и 23 декември по покана од фондација Метаморфозис во партнерство со Конект.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 32 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 20 електронски пораки, неодговорени 1, а за 11 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец декември 2022 година, донесена е 1 Одлука за јавна набавка, донесени се 2 Одлуки за избор и склучени се 2 договори за јавна набавка со вредност од 1.561.000,00 денари без ДДВ или 1.639.050,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 1 | / | 2 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки декември 2022*

Во месец декември 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 31.12.2022 | Реализација на буџетот од 01.12.2022 – 31.12.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| 401- основни плати | 22.027.000,00 | 21.986.401,00 | 1.841.522,00 | 40.599,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 8.561.000,00 | 8.532.400,00 | 694.355,00 | 28.600,00 |
| 404-надоместоци | 504.000,00 | 504.000,00 | 504.000,00 | 0 |
| 420-патни и дневни расходи | 105.000,00 | 79.801,00 | 4.934,00 | 25.199,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.140.000,00 | 3.862.177,00 | 221.711,00 | 277.823,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 555.000,00 | 546.032,00 | 92.417,00 | 8.968,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 1.690.000,00 | 1.554.832,00 | 339.611,00 | 135.168,00 |
| 425-договорни услуги | 1.057.000,00 | 989.655,00 | 375.237,00 | 67.345,00 |
| 426-други тековни расходи | 400.000,00 | 258.225,00 | 43.934,00 | 141.775,00 |
| 464-разни трансфери | 992.000,00 | 991.276,00 | 628.280,00 | 724,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 645.000,00 | 633.149,00 | 83.529,00 | 11.851,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 2.800.000,00 | 2.797.671,00 | 1.639.050,00 | 2.329,00 |
| ВКУПНО | **43.476.000,00** | **42.735.619,00** | **6.468.580,00** | **740.381,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*